MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12-1551/4
22.03 год. 2019

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на шестата седница одржана на ден 20 март 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-1551/1 од 06.03.2019 година.

Предметот со број 12-1551/1 од 06.03.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави писмено известување за постапувањето и за заклучокот донесен од страна на ДКСК.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-1551/1 од 06.03.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од анонимен подносител.

Во пријавата се бара да се изврши контрола во однос на исполнетоста на условите за распоредување на лица на соодветни работни места согласно со Законот за јавните службеници и донесувањето на решенија за јавни службеници на одредена група вработени во државна институција во Скопје и во нејзините подружници, имајќи во предвид дека дел од вработените го немаат бараниот степен на образование (соодветен факултет и степен на образование) за соодветното работно место, за што им е дадена законската можност во рок од 7 години да ги исполнат условите барани во законот.

По разгледување на наводите содржани во пријавата и доставените прилози, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека пријавата не содржи елементи кои укажуваат на корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг. Воедно, предметната пријава не упатува на коруптивно дејствување на службени лица - избрани, именувани или кои вршат работи од јавен интерес, ниту посочените дејствија можат да се подведат под основи на сомневање за сторени кривични дела од Глава триесетта - Кривични дела против службената должност од Кривичниот законик на Република Македонија.

Врз основа на погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk